**20230911709**

**СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

Врз основа на членот 17 став 1 точка 8-а од Законот за одбрана („Службен весник на Република Македонија“ број 42/2001, 5/2003, 58/2006, 110/2008, 51/11, 151/11 и 215/15 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 42/20), Собранието на Република Северна Македонија на седницата одржана на 26 април 2023 година, донесе

# ДОЛГОРОЧЕН ПЛАН ЗА РАЗВОЈ НА ОДБРАНБЕНИТЕ СПОСОБНОСТИ 2023-2032

## ВОВЕД

По три децении независност исполнети со посветена работа во спроведување реформи во одбранбениот сектор и зајакнување на одбранбените капацитети и способности, Република Северна Македонија на 27 март 2020 година го исполни долгогодишниот надворешнополитички приоритет – членството во Северноатлантската алијанса (во натамошниот текст: НАТО). Членството во НАТО семејството претставува историски момент и пресвртница кога е во прашање концептот за одбрана на Република Северна Македонија, која со системот на колективна безбедност доби уверлива безбедносна гаранција во крајно комплексното, динамично и непредвидливо современо безбедносно опкружување.

Еден од темелните императиви на Република Северна Македонија во настојувањето за континуиран, сеопфатен и одржлив развој е постоењето, одржувањето и јакнењето на националниот одбранбено-безбедносен систем, кој овозможува напредок во сите сфери на општественото живеење. Притоа, водејќи се од генералната цел за континуиран развој на одбранбените способности и капацитети за исполнување на стратегиските одбранбени мисии, се пристапи кон ажурирање на Долгорочниот план за развој на одбранбените способности (во натамошниот текст: ДПРОС), со цел разгледување и потврдување на дефинираните цели, способности и капацитети. Дополнително, преку ажурирањето на ДПРОС се пристапува кон соодветно разгледување на искористеноста на капацитетите (човечки, материјални и финансиски) во насока на постигнување максимална ефективност, ефикасност и економичност во работењето и постигнувањето на зацртаните цели.

Со членството во НАТО, Република Северна Македонија се вклучи во процесот на одбранбено планирање, како главен процес во развојот на одбранбените капацитети на Алијансата. Интеграцијата во овој процес подразбира експлицитно исполнување на преземените обврски како полноправна членка преку исполнување на принципите на фер и рамномерно споделување на товарот (Fair Burden Share) и разумен предизвик (Reasonable Challenge).

Успехот на трансформацијата на Министерството за одбрана (во натамошниот текст: Министерство) и Армијата на Република Северна Македонија (во натамошниот текст: Армијата), меѓу другото, зависи и од поврзувањето на ДПРОС со клучните одбранбени приоритети и од нивната синхронизација со програмите на системот за Планирање, Програмирање, Буџетирање и Извршување (во натамошниот текст: ППБИ). Владата на Република Северна Македонија (во натамошниот текст: Влада) ќе обезбеди соодветни услови за поддршка на спроведување на ДПРОС, процесите на модернизација и опремување на Армијата и, на тој начин, со правилно раководење со човечките, материјалните и финансиските ресурси, ќе се постигнат најдобри резултати во натамошниот развој на одбраната.

Поаѓајќи од фактот дека реформските процеси може да се спроведат само преку стабилно финансирање на одбраната, Владата останува на определбата за постепено зголемување на одбранбениот буџет за 0,2% процентни поени на годишно ниво. Целта е висината на одбранбениот буџет до 2024 година да достигне 2% од БДП, што е во согласност со одлуките на Самитот на НАТО во Велс. Националната намера е задржување стабилно буџетирање на одбраната од минимум 2% од БДП после 2024 година.

При ажурирањето на ДПРОС 2023-2032 беа земени следниве појдовни основи:

- Закон за одбрана на Република Северна Македонија;
- Стратегија за одбрана од 2020 година;
- Стратегиски одбранбен преглед 2018;
- Долгорочен план за развој на одбранбените способности 2019-2028;
- Среднорочен план за развој 2020-2023;
- Насоки за програмирање 2023-2026;
- Анализа на способности од НАТО комитетот за одбранбена политика и планирање (NATO Defence Planning Capability Review) 2019/2020 година;
- Corrigendum Bi-SC Capability Codes and Capability Statements од 29.7.2020 година;
- Идентификувани лекции од досегашните трансформации во одбраната и Армијата на Република Северна Македонија и учеството во меѓународни операции;
- НАТО 2030 - Трансатланска агенда за иднината и други стратегиски документи;
- Концепт за одвраќање и одбрана на НАТО;
- NWCC (NATO Warfighting Capstone Concept) – Основен концепт на војување во НАТО;
- НАТО Пакет на цели на способности 2021 за Република Северна Македонија.

## СТРАТЕГИСКО БЕЗБЕДНОСНО ОПКРУЖУВАЊЕ

Стратегиското безбедносно опкружување се карактеризира со интензивна геополитичка конкуренција и ривалства на големите глобални сили, каде Руската Федерација претставува најдиректна закана за безбедноста по европската безбедност. По постигнувањето на полноправно членство во НАТО, безбедносните закани и ризици за Република Северна Македонија ги следат оние на Алијансата, каде покрај конвенционалните и транснационалните закани[1], асиметричните, хибридните, како и сајбер заканите, продолжуваат да претставуваат зголемен безбедносен предизвик.

Државите на ЈИЕ се соочуваат со истите загрозувања по мирот и безбедноста како и останатите држави во Европа. Турбуленциите и заканите од можно прелевање во соседните региони влијаат врз севкупната политичка, безбедносна и социоекономска состојба.

Непосредното безбедносно опкружување на Република Северна Македонија е под силно влијание на глобалните процеси и комплексните специфични состојби и односи на Балканскиот Полуостров, што има директно влијание врз вкупниот безбедносен амбиент во државата.

Безбедноста на Република Северна Македонија може да биде загрозена директно и индиректно од нарушување на стабилноста и конфликти, коишто се случуваат во поблиското опкружување, регионалните и глобалните безбедносни предизвици и војни.

Како резултат на членството во НАТО и континуираниот развој на националниот систем за одбрана, директна воена закана кон Република Северна Македонија е малку веројатна. Земајќи ги предвид тековните геополитички случувања и безбедносни

[1] Тероризам, пандемија, климатски промени и миграција.

предизвици, регионот повторно станува зона на засилен интерес и дејствување на меѓународни актери, чија примарна цел е нарушување на регионалната стабилност, поткопување на демократските процеси и забавување или запирање на евроатлантските интеграции.

Тероризмот останува една од најнепосредните асиметрични и значајни закани за националната безбедност. Недржавните актери (екстремисти, радикални групи и организации, странски борци и повратници, како и групи и поединци водени од национален, политички или верски екстремизам и радикализам), исто така претставуваат закана и се јавуваат како потенцијален дестабилизирачки фактор.

Брзината, обемот и интензитетот на хибридните закани бележат зголемување во последните години. Преку синхронизирана примена на широк спектар хибридни закани и деструктивно дејствување, државните и недржавните актери се стремат да го нарушат суверенитетот на земјата и кохезијата за стратешката политичка визија и одлуки.

Република Северна Македонија се соочува со засилено разузнавачко и пропагандно дејствување на странски разузнавачки служби кои покрај разузнавачките дејства, дејствуваат и преку пласирање наменски креирани дезинформации и пропаганда, кои се насочени да го компромитираат демократскиот развој на државата. Притоа се настојува да се влијае врз формирањето на јавното мислење во државата и кај меѓународната јавност, а со цел реализација на стратешките политички интереси на нивните држави.

Ризикот од странско злонамерно влијание и безбедносни закани е особено можно преку новите информациски технологии и комуникациите, кои можат да имаат двојна намена и да претставуваат закана за безбедноста и одбраната на земјата и на Алијансата. Енормниот напредок во информациската технологија и интензивниот процес на дигитализација на општеството ќе услови дополнителни активности во сајбер доменот и нарушување на безбедноста преку сајбер шпионажа, напади на критичната информациска инфраструктура, сајбер криминал, како и ширење дезинформации и лажни вести преку социјалните мрежи и интернет медиумите.

Глобалното безбедносно опкружување во иднина, во голема мера, ќе биде условено од климатските промени, природните и човечки катастрофи, како и од демографските трендови во државите во регионот и пошироко. Ограничените природни ресурси и загадувањето, најверојатно, ќе го забрзаат недостигот од ресурси, како и пристапот до храна и питка вода. Наведеното во блиска иднина ќе биде еден од позначајните проблеми и ќе претставува безбедносен ризик на долг рок, што индиректно може да влијае на системот за одбрана.

Последиците од кризата предизвикана од пандемијата на вирусот КОВИД-19 го покажаа големото и драматично влијание на глобалните здравствени кризи врз безбедноста и стабилноста на земјата.

Безбедносната средина на Републиката може да биде загрозена од закани и ризици од финансиска и од економска природа, енергетски кризи и нарушувањето на глобалниот систем на снабдување, што може да резултира со нарушување на социјалниот мир. Големата зависност од увоз на сите видови енергенси, отсуството на диверзификација во снабдувањето и сè поизразената употреба на енергијата од страна на одредени меѓународни актери како средство за проектирање влијание и остварување интереси, претставуваат сериозен безбедносен предизвик.

Иако разликите од национален, етнорелигиски и културолошки карактер и спротивставените цели и интереси на Балканот може да бидат предизвик за безбедноста и сигурноста на регионот, фокусирањето на државите од регионот за интеграција во Европската Унија, подобрувањето на регионалната безбедност, стабилност и економскиот раст, во комбинација со засилена соработка во сферата на одбраната, се очекува да

придонесе за подобрување на меѓусебните односи и градењето доверба, како и да создаде позитивна безбедносна клима на долг период. Ова, во голема мера, треба да придонесе кон релаксирање на безбедносната состојба и стабилноста на регионот.

## ОДБРАНБЕНА ПОЛИТИКА

### **Основи на одбранбената политика**

Стратегиска цел на одбранбената политика е остварување и заштита на националните интереси, кои произлегуваат од Уставот на Република Северна Македонија (во натамошниот текст: Устав), концепциските и стратегиските документи за безбедност и одбрана. Преку националните интереси се споделуваат и заедничките вредности на Алијансата за колективна одбрана, кризен менаџмент и кооперативна безбедност.

Одбранбената политика на Република Северна Македонија е целосно насочена и кон остварување на основните национални одбранбени интереси: заштита на независноста, територијалниот интегритет и неповредливоста на меѓународно признатите граници на државата, придонес во воспоставување мир, безбедност и стабилност во регионот, во Европа и во светот, како и поддршка на цивилните институции во различни кризни, вонредни и воени состојби, ситуации и услови.

Со здобивањето полноправно членство во НАТО, Република Северна Македонија оствари една од најзначајните стратегиски цели, како на одбранбената така и на надворешната политика. Истовремено, е направен огромен напредок на патот кон членството во ЕУ и во очекување на започнување на пристапните разговори ќе продолжиме да даваме особен придонес кон усогласување со поглавјето 31. од надворешната безбедносна и одбранбена политика на ЕУ. Развојот и унапредувањето на добрососедските односи и регионалната соработка, исто така остануваат стратегиски и долгорочни цели на одбранбената политика на Република Северна Македонија.

Министерството и Армијата ќе останат силно посветени во модернизација на системот за одбрана и ќе продолжат континуирано да вложуваат максимални напори за унапредување на одбранбените способности и капацитети. Преку имплементацијата на основните постулати од усвоените стратешки документи ќе продолжиме да го одржуваме и зајакнуваме националниот одбранбен и безбедносен систем.

Со членството во НАТО, Република Северна Македонија од систем на индивидуална одбрана премина во систем на колективна одбрана. Тоа претставува највидлива придобивка од членството во НАТО и ќе придонесе за долгорочна безбедност и стабилност на државата. Како совесен и одговорен сојузник ќе ги развиваме воените капацитети и способности предвидени за придонес во колективниот систем на безбедност, незанемарувајќи ги воените способности за национални потреби. За таа цел, во рамки на реалните економски можности, максимално посветено ќе работиме на изградба на мобилни, одржливи и соодветно опремени единици, способни самостојно, и во соработка со сојузниците, да ја одбранат независноста и територијалниот суверенитет на Република Северна Македонија. Исто така, ќе придонесуваат во одбраната на сојузниците, ќе учествуваат во меѓународни операции и мисии и ќе обезбедат поддршка на цивилните институции при спротивставување со различни видови предизвици, ризици и закани од невоена природа.

Со вклучувањето во процесот на одбранбеното планирање на НАТО, Република Северна Македонија презеде обврски за развој на конкретни способности и капацитети, неопходни за исполнување на трите клучни задачи на НАТО: колективна одбрана, кризен менаџмент и кооперативна безбедност.

Владата останува на заложбата за постепено зголемување на трошоците за одбрана со 0,2% процентни поени од БДП на годишно ниво. Целта е до 2024 година да се обезбеди одбранбен буџет во висина од 2% од БДП, од кои минимум 20% ќе бидат наменети за опремување и модернизација на вооружените сили. Ваквата структура на стабилно буџетирање и одржување на трошоците за одбраната од минимум 2% од БДП и по 2024 година, ќе овозможи развој на одбранбените способности, односно трансформација и модернизација на вооружените сили на подолг временски рок.

**Долгорочни цели за развој на одбранбените способности и капацитети**

Утврдените одбранбени мисии и развојни цели дефинирани во серијата на стратегиските документи, односно во Стратегијата за одбрана, Стратегискиот одбранбен преглед 2018 (во натамошниот текст: СОП 2018) и ДПРОС 2019-2028 претставуваат основа за развој на одбранбените способности и капацитети.

Во насока на поддршка на националната безбедност, системот за одбрана на Република Северна Македонија постојано треба да биде подготвен за извршување на следниве одбранбени мисии:

1. Одбрана на независноста и територијалниот интегритет на Република Северна Македонија и НАТО сојузниците;
2. Јакнење на регионалната и глобалната безбедност и стабилност со учество во меѓународни операции и мисии и
3. Поддршка на цивилните власти и граѓани.

За остварување на нивото на амбиции од стратегиските документи, Министерството разработи и утврди комплементарни долгорочни цели за развој на одбранбените способности и капацитети за следниот период, поделени во три групи, првенствено насочени кон:

Реорганизација и хармонизација:

- Продолжување со реорганизација на Министерството и на Генералштабот на Армијата (во натамошниот текст: Генералштаб) заради унапредување на меѓусебната хоризонтална интеракција и функционалната кохезија, со цел унапредување на ефикасноста и ефективноста на управувањето, раководењето и координацијата;
- Хармонизирање на приоритетите на националното одбранбено планирање со приоритетите на НАТО одбранбеното планирање, со цел исполнување на побараните цели на способности на НАТО;
- Унапредување на системот за персонален менаџмент и менаџмент на талентот, кој ќе овозможи привлекување, селекција, регрутирање, задржување и ангажирање на висококвалитетен, квалификуван и мотивиран персонал со соодветни стручни и работни компетенции во одбраната и во Армијата;
- Изградба на современ систем за образование и обука на персоналот во одбраната и во Армијата, базиран на компетенции, идентификувани потреби и зајакнат интегритет.

Модернизација:

- Одржување флексибилна, финансиски прифатлива и одржлива структура на Армијата - „Идни вооружени сили 2028“;
- Модернизација и опремување на Министерството и на Армијата во согласност со утврдените приоритети и расположливите ресурси (персонал, опрема и финансии);
- Ревитализација и функционално консолидирање оптимални локации на одбранбени комплекси, објекти, инсталации и инфраструктура и трансформирање кон зелена одбрана;
- Унапредување на логистичкото планирање и реализација на сите нивоа;

- Надградување на комуникациско информациски систем (во натамошниот текст: КИС) за поддршка на управувањето, раководењето и контролата во одбраната и развој на способности за сајбер одбрана.

Придонес:

- Интеграција во политичката и воената структура на НАТО;
- Интероперабилност во согласност со стандардите на НАТО и учеството во колективната одбрана, кризниот менаџмент и кооперативната безбедност;
- Обезбедување национален елемент за поддршка на Армијата во операции надвор од земјата;
- Обезбедување и поддршка на силите на НАТО во улога на земја-домаќин;
- Интегрирање на националната воздушна одбрана во системот за воздушна одбрана на Алијансата;
- Придонес во Заедничката безбедносна и одбранбена политика (во натамошниот текст: ЗБОП) на ЕУ;
- Достигнување и одржување ефикасна, ефективна и балансирана распределба на буџетот во согласност со Заложбите за инвестирање во одбраната, договорени за време на Самитот на НАТО во Велс 2014 година.

## Одбранбени способности

Во претстојниот период комплементарно ќе се обединат реорганизацијата и хармонизацијата со модернизацијата и националниот придонес во НАТО и глобалните заложби за зачувување на меѓународниот мир и безбедност. Сите активности во контекст на горенаведеното, од кои дел се започнати со реализација, ќе бидат соодветно насочени кон навремено и потполно достигнување на целите на способности доделени во НАТО пакетот на цели на способности 2021 за Република Северна Македонија. Притоа, треба да се напомене дека во претстојниот период на сојузничко рамниште веќе се започнати процеси на реорганизација и исполнување на дефинираните согледувања во НАТО 2030, но и имплементацијата на Основниот концепт за војување на НАТО (NWCC), што значи и соодветно разгледување и имплементирање на одбранбено и армиско рамниште.

Имајќи го предвид претходно изнесеното, во периодот од 2023 до 2032 година ќе се фокусираме на достигнување и исполнување на следниве групи на способности:

## Способности за развој, генерирање и подготвување на военатa сила

Со развој на овие способности ќе се воспостави систем во рамките на Министерството и на Армијата, со кој ќе се дефинираат потребните способности со временска рамка за нивно исполнување и временски дијапазон на употреба. По дефинирањето на потребните способности, соодветно ќе се започне со формирање, пополнување, извежбување и оценување на подготвеноста на дефинираната воена сила. Генерирањето на военатa сила ќе произлезе од веќе дефинираните борбени состави на Армијата, но и од цивилните капацитети на Министерството, како и сродни институции од областа на одбраната.

## Способности за одржување на военатa сила (персонал, опрема и инфраструктура)

Преку развој на овие способности ќе се изгради капацитет во Министерството и во Генералштабот, што ќе се насочи кон исполнување на потребите кои произлегуваат за одржување на борбената сила, при што функциите ќе бидат интегрирани меѓу себе во согласност со надлежностите.

### Способности за стратегиско разгледување, одлучување, водење и имплементирање на одлуките

Развојот на овие способности ќе овозможи интероперабилност на целокупните сојузнички, одбранбени и генералштабни процеси, преку кои ќе се врши дефинирање и насочување на развојното движење на целокупната одбрана. Дефинираните принципи за потполно функционално интегрирање на целокупната државна управа (Whole of Government Approach), но и целокупното општество (Whole of Society), ќе побарува соодветна (ре)организација на местото и улогата на одбраната.

### Способности за распоредување и одржување на распоредените капацитети

Распоредувањето претставува резултат на потребата од придонес на Република Северна Македонија како полноправна членка во НАТО, но и како дел од државите што директно влијаат во градењето на регионалниот и на светскиот мир. Од друга страна одржувањето на распоредените капацитети претставува национална одговорност, што значи градење и одржување флексибилен и сеопфатен систем за поддршка, што ќе овозможува успешно исполнување на поставените цели.

### Способности за национална цивилна отпорност и стабилизација и реконструкција

Овие способности претставуваат дел од невоените капацитети при што се врши соодветно интегрирање на националните способности под иста закрила. Истите се двојно насочени и тоа: кон внатре – национално и кон надвор – учество во меѓународни операции и мисии. Успешноста во нивното дефинирање, проектирање, пополнување, изградба, извежбување и одржување ќе биде суштински фактор за нивната потполна функционалност и исполнување на нивната намена.

## РЕОРГАНИЗАЦИЈА НА МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ОДБРАНА

Министерството за одбрана претставува матична институција која, заедно со граѓаните, органите на државната власт и вооружените сили, се грижи за организација и остварување на системот за одбрана. Во согласност со актуелниот пристап за вклученост на целата Влада и целото општество во одбраната, Министерството се грижи и за функционирање на целокупниот одбранбен систем. Токму затоа соодветното структурно и функционално организирање на одбраната, пополнета со високопрофесионални кадри, водење на постојните и иницирање нови процеси, овозможуваат целосно остварување на одбраната како предуслов за стабилен општествен развој.

Обврските за одбранбена сигурност, стабилност и развој се асоцијативни и со членство во меѓународни организации. Очекувањето дека со полноправното членство во НАТО ќе се зголеми и обемот на работа се покажа исправно. Динамиката на процесите повеќе пати се зголеми, а обемот на информации што се отворија наметнаа потреба од зајакнување на организациската поставеност и човечкиот потенцијал.

Дополнително, одбранбениот систем има потреба и од соодветно унапредување и надоградување во согласност со тековите на националниот развој, како и на оние кои се извршуваат и унапредуваат во Алијансата. За да се постигне вистинска хармонизација на националните и сојузничките напори за одржување конзистентен систем за одбрана, посебно внимание ќе се посвети на усогласување на националните стратегиски документи

и процеси во градењето соодветни способности и капацитети низ системот на ППБИ. Решенијата и одлуките ќе бидат насочени кон градење и одржување на националните цели за отпорност на општеството, сајбер одбраната, влијанието на развојот на технологијата и на ефектите од климатските промени.

Од горенаведените причини, се укажува потреба од продолжување на веќе започнатите процеси за структурна реорганизација на Министерството, како и за унапредување на хоризонталната интеракција и функционалната кохезија и координација меѓу Министерството и Генералштабот. Основната цел е позиционирање на институционалните капацитети во правец на исполнување на надлежностите и функциите, исполнување на обврските, кои произлегуваат од членството во НАТО, а во исто време постигнување економичност на ресурсите и процесите што се одвиваат на одбранбено ниво.

Земајќи ги предвид изложените елементи и согледувања, во периодот од 2023 до 2032 година се дефинираат следниве приоритети:

1. Поддршка и насочување за навремено и потполно достигнување на целите на способности доделени во НАТО пакетот на цели на способности 2021;
2. Унапредување на управните и раководните процеси преку функционална интеракција и реорганизирање;
3. Имплементација на седумте НАТО основни побарувања за отпорност[2] преку воспоставување и поддршка на националните цели за отпорност;
4. Зголемување на хоризонталната интеракција, функционалната кохезија и меѓусебната координација меѓу различните организациски единици во Министерството и во Генералштабот;
5. Хармонизирање на приоритетите на националното одбранбено планирање со приоритетите на НАТО одбранбеното планирање, со цел исполнување на побараните цели на способности на НАТО;
6. Создавање инфраструктурни подобрувања на работните простории во Министерството.

Исполнувањето на овие приоритети, ќе следи преку реализација на следниве цели:

### Структурна реорганизација на Министерството за одбрана

Начинот на поставување и внатрешна интеракција на составните делови (организациската структура) на Министерството има големо влијание врз начинот на креирање, донесувањето и одржливоста на одлуки во работните процеси. Спроведувањето периодична анализа на работните процеси ќе даде реална и целосна слика на подготвеноста на институцијата за постигнување работна успешност.

Во согласност со потребата од изградба и одржување ефикасна и ефективна организациска структура во Министерството, во изминатиот период се изврши намалување на бројната состојба и се постигна поставената цел до 700 вработени. Министерството во периодот од 2023 до 2032 година ќе ја одржува достигнатата бројна состојба на вработени.

Структурната реорганизација на Министерството ќе се усогласи со постојните процеси на реорганизација на органите на државната управа на национално ниво. Преку реорганизацијата ќе се овозможи зголемена и поцврста координација и соработка на средно ниво, ќе се поедностави функционирањето и ќе се подобри можноста за поефикасно и поефективно извршување на задачите.

[2] Непрекинато државно управување, снабдување со електрична енергија, масовни движења, отпорност на ресурси за храна и вода, масовни жртви, отпорност на системите за цивилна комуникација и отпорност на цивилен превоз.

При дефинирање на структурата на Министерството, системот на нивоа претставува модел врз кој се организираат организациските единици и одбранбените процеси. Преку овој систем се дефинираат и се устројуваат нивоата на создавање, разгледување и одобрување т.е. усвојување. Соодветно на тоа, како највисоко ниво на одлучување се дефинира првото ниво, коешто е презентирано од страна на министерот за одбрана, заменик-министерот за одбрана и државниот секретар, како највисоко политичко раководно тело. Како второ ниво се дефинираат државните советници, коишто претставуваат рамка и главна движечка сила за раководење на работните процеси во Министерството и се носители на изработка и усогласување (координација) меѓу различните организациски единици од Министерството. И, трето ниво претставуваат секторите, самостојните одделенија и другите организациски единици коишто се носители на работните процеси и изработувачи на тековните и развојните акти од Министерството.

## Процесна трансформација на системот за одбрана

Полноправното членство во НАТО ја наметна потребата за трансформација на одбранбениот систем и процеси. Одбраната ќе прерасне во организациски двигател на националните процеси, што се во поддршка на сеопфатната сојузничка динамика и подвижност. Од друга страна, воспоставената нормативна рамка и практика во целокупниот систем на одбрана, ќе се разгледува од перспектива на нашето членство како сојузник. Притоа, само со соодветно, јасно и прецизно дефинирање на организациската и функционалната рамка ќе се постигне потребната синхронизираност на сите составни делови.

Една од поважните области на која ќе се посвети соодветно внимание претставува системот на отпорност. Овој систем претставува национална одговорност и во согласност со воспоставените сојузнички параметри преку седумте НАТО основни побарувања за отпорност во периодот што следува ќе биде и соодветно дефиниран, воспоставен и интегриран во целата одбранбена инфраструктура.

Како посебен сегмент што во наредниот период побарува особено внимание за нормативно и процесно унапредување и активна интеракција во рамките на Алијансата, ќе биде унапредувањето на системот за управување со кризи. Севкупноста на одбранбеното организирање и функционирање ќе резултира во конзистентен одржлив систем, кој ќе ги интегрира сите субјекти во заедничка целина за остварување и заштита на националните цели и интереси.

## Унапредување на стратегиските комуникации

Во согласност со концептот на НАТО за стратегиски комуникации, како сојузник, во согласност со побарувањата на НАТО, во наредниот период ќе создадеме услови за имплементација на нови капацитети за информирање, континуиран развој на транспарентноста и намалување на влијанието на дезинформациите како деструктивен елемент во секое современо општество.

За таа цел, со формирање соодветна структура во рамките на Министерството, во секторот за стратегиски комуникации ќе се врши комплетен процес во обезбедување на потребните информации, односно анализа и мониторирање на информациската средина, како и планирање и спроведување активности во одбраната и операциите во доменот на односите со јавноста, како и креирање продукти кои успешно ќе се справуваат со дезинформации, кои може да имаат негативно влијание врз реализацијата на мисијата и на задачите.

Во таа насока, во претстојниот период, паралелно со процесот на спроведување на новата структура на Министерството, ќе работиме на креирање и функционалност на системот за стратегиски комуникации во Министерството, истовремено градејќи внатрешни капацитети за соочување со лажни вести и дезинформации.

## ТРАНСФОРМАЦИЈА И РЕОРГАНИЗАЦИЈА НА АРМИЈАТА

### Идната структура и воени способности на Армијата

Армијата го штити територијалниот интегритет и независноста на државата според членот 122 од Уставот. Истата се организира, се подготвува и се оспособува за вооружена борба и борбени и други дејства за остварување на својата уставна функција за одбрана на државата според членот 23 од Законот за одбрана.

Армијата има постојан и резервен состав. Стратегиските документи за одбрана и безбедност ги дефинираат одбранбените мисии.

Армијата треба да ги исполни следниве воени цели:

- одвраќање и одбрана од вооружена агресија и заштита на територијалниот интегритет и независноста на Република Северна Македонија,
- учество во операции во рамки на НАТО-колективната одбрана, кризниот менаџмент и кооперативната безбедност и
- ангажирање воени капацитети и способности за поддршка на останатите компоненти од системот за одбрана во поддршка на цивилните власти и на граѓаните.

### Организација и структура на идни вооружени сили

Структурата на „Идни вооружени сили 2028“ е дефинирана врз основа на националните потреби и НАТО пакетот на цели на способности 2021, поставен на три рамништа: стратегиско, оперативно и тактичко, со бројна состојба не повеќе од 7.100 припадници.

Низ процесот на трансформација ќе се преземат низа мерки и активности за исполнување на општите и на посебните развојни цели, со цел достигнување на идната структура на сили на Армијата со потребните способности и капацитети.




**Трансформација на Армијата во ефективни и ефикасни „Идни вооружени сили 2028“**

Процесот на трансформација на Армијата се одвива во насока на достигнување на структурата на „Идни вооружени сили 2028“ за соодветен одговор по современите предизвици и закани.

Намерата е со трансформацијата на Армијата да се постигне:

1. Развој на нови способности и капацитети, потребни за извршување на мисиите и задачите;
2. Подобрување на ефикасноста на системот на командување и контрола (К2) и
3. Концентрирање на човечките и на материјалните ресурси и капацитети за извршување на мисиите и задачите на Армијата.

Трансформацијата ќе овозможи натамошно развивање и одржување на распоредливи интероперативни сили и способности на ниво од 50% од севкупната структура на копнените сили на Армијата, како и пополнување во согласност со стандардите за оперативна ефикасност на единиците, што подразбира пополнетост со минимум 70% со добро обучен професионален воен персонал и 90% со воена опрема, во согласност со побарувањата за нивото на борбена готовност дефинирано со НАТО пакетот цели на способности 2021.

Реализацијата на процесот на трансформација ќе овозможи достигнување структура на идните сили на Армијата организирана според следново:

**Генералштаб на Армијата.** Генералштабот на Армијата претставува највисоко стручно тело во состав на МО за извршување на оперативните и стручните работи кои се однесуваат на организирање, подготвување и командување со Армијата. Истиот ги извршува плановите и политиките утврдени од Министерството. Трансформацијата на Генералштабот е со цел зголемување на ефикасноста и зајакнување на постојните аналитички и планирачки капацитети, особено за среднорочен и долгорочен развој на Армијата, вклучувајќи ги сите видови и родови. Генералштабот е димензиониран да извршува задачи на стратегиско рамниште, но и да делегира задачи на оперативно рамниште на потчинетите команди и единици. Во идната структура на Генералштабот, началникот на Генералштабот, како највисок офицер во Армијата, ќе биде поддржан од заменикот-началник и од директорот на Генералштабот, кој ќе ги насочува и ќе ги координира секојдневните работи во организациските единици. Директно потчинети единици на Генералштабот се: Командата за операции, Командата за обука и доктрини, Логистичката база и Баталјонот за почести.

**Команда за операции.** Командата за операции е димензионирана да извршува задачи на оперативно рамниште но, исто така, ќе биде одговорна за подготовки и обезбедување на К2 на сите операции во земјата и во странство со интеграција на сопствените и придодадените единици по наредба на началникот на Генералштабот.

Командата за операции во својот состав има Оперативен центар, кој ќе биде одговорен за следење и водење на сите операции во земјата и во странство во согласност со делегираните задачи од началникот на Генералштабот.

Директно потчинети на Командата за операции ќе бидат: Пешадиската бригада, Воздухопловниот ВИНГ, Баталјонот на воена полиција, Баталјонот за врски, Извидувачко-разузнавачкиот баталјон, Баталјонот за специјални сили и Чета за АБХО.

**Команда за обука и доктрини.** Основна мисија на Командата за обука и доктрини (КОД) ќе биде организација, координација и реализација на индивидуална обука на војници, питомци, подофицери и офицери од постојаниот и од резервниот состав, поддршка на колективната обука на командите и единиците на Армијата и развој на доктрините и научените лекции во Армијата. КОД се состои од: Команда со штаб, Центар за индивидуална обука, Центар за обука на питомци, Центар за странски јазици, Центар за одгледување и дресура на кучиња, Центар за поддршка на обуката, Центар за изработка на доктрини, правила, упатства и научени лекции, Центар за симулации и Центар за резервни сили.

**Логистичка база.** Основна мисија на Логистичката база ќе биде да обезбеди 3 (трето) ниво на логистичка поддршка за сите единици на Армијата. Базата ќе биде надлежна за складиштата за вооружување и воена опрема, за одржување, транспорт и медицинска поддршка. Во својата структура логистичката база опфаќа: Центар за управување со материјали, Одделение за материјално сметководство, Команден вод, Координативен центар за поддршка на земја-домаќин и национален центар за координација на движење (КЦПЗД/НЦКД), Технички ремонтен центар, Воено-медицински центар, Центар за снабдување и транспорт, Баталјон за логистичка поддршка. Логистичката поддршка од 1 (прво) и 2 (второ) ниво ќе бидат обезбедени од логистички елементи, кои ќе бидат составен дел на борбените и на единиците за борбена поддршка, на тој начин обезбедувајќи органска логистичка поддршка.

**Баталјон за почести.** Баталјонот за почести ќе биде одговорен за протоколарни должности за потребите на претседателот на Републиката, на Министерството и на Армијата. Единицата ќе се состои од команда, една чета за почести и воен оркестар.

**Резервни сили.** Структурата, способностите, бројната состојба и развојот на резервните сили на Армијата ќе се конципираат врз основа на националните потреби и потребите за исполнување на НАТО пакетот цели на способности 2021, преку развој на

концептот за резервни сили. Новиот концепт за резервни сили ќе ги дефинира општата и активната резерва. Активната резерва во својот состав ќе има хируршки тим и тим на специјалисти за цивилно-воена соработка (ЦИМИК), заради исполнување на обврските, кои произлегуваат од НАТО пакетот на цели на способности 2021.

ВОЕНИ СПОСОБНОСТИ НА АРМИЈАТА

Во согласност со НАТО пакетот на цели на способности 2021, Армијата треба да поседува минимум потребни капацитети за борба, борбена поддршка, борбено-сервисна поддршка и К2.

Следствено на тоа, а со цел имплементирање на одбранбената политика, воените цели и извршување на добиените мисии/задачи, треба да ги поседуваат следниве главни воени способности:

• Способност за изведување мисии и операции во различен простор и временски услови (на национална територија, во воздушниот и сајбер просторот, на територијалните води, надвор од националната територија);

• Способност за командување и контрола (во области на активностите на Армијата, извршување воени анализи, развој на воени способности и употреба на воени способности во мисии и операции);

• Способност за мобилност (на стратегиско, оперативно и на тактичко ниво преку агилност и способност за непречено движење, користење на постојаната патна инфраструктура и премостување евентуални препреки во зоните на операции);

• Способност за распоредување (распоредување на силите во зоната на операции во согласност со пропишаните норми до 50% од структурата на копнените сили);

• Способност за одржливост на силите во операции во согласност со националното ниво на амбиции вклучува одржливост од 10% од распоредливите сили, континуитет во постојаните операции во кои учествуваат копнените сили.

Нивото на амбиции за распоредување на сили е дефинирано според следното:

- За краткотрајни операции (6 месеци) без ротирање: една лесна пешадиска баталјонска група и два тима специјални сили;

- За долготрајни операции со ротации: две пешадиски чети и два тима специјални сили.

• Способност за интероперабилност (во вооружување, опрема, постапки и доктрини со силите кои се поддржуваат од страна на Армијата со националните институции и НАТО);

• Способност за модуларност (соодветно групирање, формирање времени здружени состави во согласност со конкретни оперативни побарувања на мисијата што треба да се реализира);

• Способност за заштита на силите во операции (балистичка заштита, АБХО, противелектронска заштита итн.);

• Способност за сајбер одбрана на глобален комуникациско-информациски систем (ГКИС) и заштита на класифицирани информации.

Развојот на идните вооружени сили, покрај главните воени способности, ќе биде определен и поддржан со развој на следните цели за достигнување воени способности.

**Развој на ефективен и ефикасен систем на командување и контрола**

Ќе се развие ефективен и ефикасен систем на К2 во Армијата на сите нивоа (стратегиско, оперативно и тактичко), кој ќе биде компатибилен и интероперабилен во согласност со стандардите на НАТО. Реструктуирањето на Армијата ќе заврши до 2025 година. Со модернизација на КИС и имплементација на современите техничко-

технолошки решенија, процедури и упатства, ќе се обезбеди заштитена и сигурна размена на податоците за поефикасна поддршка на командувањето, контролата и координацијата на Армијата во мирновремена, кризна и во воена состојба.

Воспоставување потребни пешадиски капацитети и способности за маневар, мобилност, огнена моќ, противоклопни способности и капацитети и заштита на силите

Опремувањето и модернизацијата на Армијата со современи лесни оклопни возила (ЛОВ) на тркала со соодветен степен на заштита, огнена моќ и одржливост претставува еден од врвните приоритети за развој на пешадиските способности и капацитети. Сето тоа ќе биде поддржано со неопходен пакет, како за обука така и со пакет за логистичка поддршка (одржување) во согласност со побарувањата од НАТО целите на способности. Активностите за реализација на проектот за набавка на ЛОВ се започнати во 2018 година и со истите ќе се продолжи во согласност со повеќегодишната динамика.

За да се обезбеди соодветно ниво на способности за противоклопна борба (ПОБ), идентификуваните недостатоци од противоклопни капацитети се препознаени како дел од приоритетите за набавка на модерна распоредлива опрема наменета за пешадиските борбени единици. Покрај останатото вооружување, на дел од ЛОВ ќе бидат интегрирани системи за ПОБ на средни далечини. Способностите за ПОБ на блиски и средни далечини ќе бидат дополнети со набавка и опремување на единиците со современи преносни системи за ПОБ (MANPAT – Man portable Anti Tank).

Во согласност со извршените анализи, препораки и усвоени планови за опремување на Армијата, во наредниот период ќе се изврши трансформација кон воспоставување противоклопни способности и капацитети вградени во пешадиските борбени единици.

Дополнително, а со цел зголемување на заштитата на единиците, во периодот до 2026 година ќе се изврши постепена набавка и унапредување на опремата за балистичка заштита на сите состави од Армијата.

**Развој на способности за индиректна огнена поддршка**

Способноста за индиректна огнена поддршка претставува еден од клучните способности преку коишто ќе се зголеми огнената моќ на борбените состави на Армијата. Како сојузник во НАТО, оваа способност ќе биде надградувана кон постигнување потполна интероперабилност со сојузничките армии, како и со ASCA (Artillery systems co-operation activities) проектот.

Развојот на способноста за индиректна огнена поддршка ќе се базира на набавка на артилериски орудија со калибар 105мм, со посебен фокус за набавка и на соодветни борбени комплети на муниција, заради заокружување на целокупниот систем со надограден и современ интегриран систем за дигитално обележување и одредување цели.

Посебно внимание во развојот на способноста ќе биде насочено кон постигнување на: модуларност, распоредливост, прецизност и точност во таргетирањето, поголем дострел, мобилност, одржливост, редуцирана логистичка потреба и обезбедување индиректна огнена поддршка за ЛПБГ и за Армијата.

**Развој на индивидуални и колективни капацитети и способности за атомска биолошка и хемиска одбрана (АБХО)**

Намерата е да се зајакнат капацитетите и способностите на Армијата за АБХО за обезбедување на способностите на единиците за престој и дејство во контаминирана средина, како и за поддршка на цивилните институции во државата при индустриски хаварии, катастрофи и епидемии.

Проектот опфаќа опремување со нови средства и опрема за АБХО на сите припадници на Армијата, со приоритет на персоналот што се упатува во мисии надвор од територијата на државата, единиците од составот на ЛПБГ и специјалните сили, како и на единицата за АБХО за извршување наменски и специјални задачи.

**Развој на инженерски способности и капацитети и системи**

Намерата е инженерискиот баталјон да обезбеди способности за општа и борбена инженериска поддршка на единиците на Армијата, националните способности во услови на потребна поддршка на цивилните власти во земјата и да подготви инженериски распоредливи единици, кои ќе се интегрираат во ЛПБГ и во Бригадата на Југоисточна Европа (SEEBRIG).

Со реализација на проектот за набавка на инженериски машини и опрема, започнати во 2018 година, извршено е опремување и унапредување на инженериски способности и капацитети на инженерискиот баталјон.

Во периодот до 2026 година ќе се изврши надоградување на инженерските способности на Армијата, со фокусирање кон развој на инжинериска борбена поддршка и заштита на единиците од импровизирани експлозивни направи насочени кон распоредливите борбени единици.

**Развој на интегрирани капацитети и способности за воздушно набљудување и јавување**

Заради подобрување на способностите за контрола на воздушниот простор и поддршка на воздухопловните операции над нашата територија, развојот на интегрирани капацитети и способности за воздушно набљудување и јавување ќе се реализира комбинирано, односно со сопствени сили и со поддршка на НАТО.

**Развој на капацитети и способности за противвоздушна одбрана на многу мали височини**

Неопходните способности и капацитети за заштита и одбрана на воздушниот простор на многу мали височини, што претставува национална одговорност, ќе се обезбеди со развој на единиците за ПВО со интегриран систем за ПВО, интероперабилен со капацитетите на НАТО. Опремувањето и модернизацијата со современи и високотехнолошки системи ќе обезбеди противвоздушна одбрана на Армијата и објекти и настани од посебно значење, како и поддршка на единиците.

**Обезбедување суверенитет на воздушниот простор (Air Policing)**

Обезбедувањето на суверенитетот на воздушниот простор на Република Северна Македонија се остварува преку воздушното патролирање од страна на воздухопловните сили на сојузниците. Врховниот командант на сојузничките сили за Европа донесе директива за реализација на воздушно патролирање над Република Северна Македонија како НАТО мисија.

**Развој на капацитети за специјални сили**

Силите за Специјални операции ќе продолжат да се развиваат во согласност со доктринарните модели и стандарди на НАТО. Ваквиот развој ќе биде во насока да се одговори на националните потреби и за потребите на НАТО, преку исполнување на

квантитативните и квалитативните цели на способности. Во контекст на националните потреби, силите за Специјални операции ќе продолжат да дејствуваат самостојно, во содејство или поддршка на конвенционалните единици на Армијата и на останатите државни институции (Министерство за внатрешни работи, Центар за управување со кризи, Дирекција за заштита и спасување и други).

**Развој на капацитети и способности за ефективно воено разузнавање**

За успешно исполнување на мисиите, Армијата ќе развива капацитети и способности за ефективно и интегрирано воено разузнавање, кое ќе придонесе за создавање ажурна и реална претстава за оперативна средина и опкружување.

Намерата е да се надгради разузнавачката структура во која разузнавачкиот персонал, системите, информациите, процесите и процедурите ќе бидат во функција на разузнавачкиот процес, со цел креирање реална претстава за оперативната средина и опкружувањето.

**Разузнавање, извидување, набљудување и одредување цели и електронско набљудување**

Во согласност со заклучоците на СОП2018 за развој на способности за извидување, разузнавање, набљудување и определување цели (во натамошниот текст: ИРНОЦ), во структурата на Армијата се групирани и унапредени постојните и планираните за развој способности во извидувачко-разузнавачки капацитети на тактичко и на оперативно рамниште во согласност со NATO Capability Codes and Capability Statements.

Целта е да се надгради архитектурата за разузнавање, извидување, набљудување и одредување цели, како разузнавачка поддршка на Армијата преку употреба на модуларниот пристап. Фокусот на капацитетите ќе биде на тактичко и оперативно ниво во планирање и изведување операции на сопствена територија, како и во мисии и операции предводени од НАТО и од ЕУ.

**Развој на несмртоносни капацитети и способности**

Во периодот до 2026 година развојот на несмртоносни капацитети и способности, базирани на технологии, ќе биде насочен кон обезбедување несмртоносни способности за контрола на персонал, опрема, инфраструктурни објекти, градби и зони и заштита на критична инфраструктура.

Приоритет во развојот на овие способности ќе биде опремување и обука на персоналот од единиците кои се упатуваат во операции предводени од НАТО.

Ракувањето и употребата на средства и опрема ќе обезбеди дополнителни способности за поддршка и подобрување на заштитата при извршување мисии и задачи.

**Развој на воздухопловни капацитети и способности за поддршка на копнените сили (хеликоптерски способности)**

Во однос на транспортната компонента, планирано е одржување на нивните способности и капацитети до набавка на нови повеќенаменски платформи од западно производство.

Целта е развој и одржување на еден хеликоптерски сквадрон со повеќенаменски платформи за извршување мисии за поддршка на единиците на Армијата и на националните авторитети. Намерата е воздухопловните сили да развиваат капацитети за

ефикасна поддршка/превезување копнени сили за самостојно извршување задачи. Платформите ќе имаат опрема и средства за самозаштита, компатибилна со НАТО - стандардите.

Во делот на воздухопловно-техничкото обезбедување намерата е да се обезбеди висок степен на оперативност од воздухопловите, како услов за исполнување на НАТО-стандардите за обученост и оспособеност на посадите. Во однос на обуката на военият летечки персонал, потребно е да се обезбеди просечно 140 часови на лет и 40 часови на симулатор за посадите.

**Подобрување на капацитетите и способностите Армијата за поддршка на цивилните власти и на граѓаните**

Во однос на подобрување на капацитетите и способностите на Армијата за поддршка на полицијата, органите на државната управа и локалната власт, граѓаните и другите организации и институции во мирновремени услови и во услови на постоење кризна и вонредна состојба, Армијата ќе определи сили од постојаниот состав, кој изнесува од 10% до 15% капацитети и способности на Армијата, ќе го подготвува и ангажира за поддршка на цивилните власти и граѓаните, а по одлука на претседателот на Републиката.

Во зависност од степенот на загрозеност и во согласност со одбранбените мисии, во базенот на капацитети и способности на Армијата ќе влезат определени сили на Армијата и тоа: пешадиски, специјални, хеликоптерски, воено – полициски, инженериски, логистички, АБХО и сили за воено разузнавање.

**Развој на расположливи капацитети од Армијата за НАТО водени операции**

Република Северна Македонија како полноправна членка на НАТО и како дел од военополитички најмоќното семејство на развиени демократии, ќе го дава својот придонес за светскиот мир и безбедност. Во таа насока, од страна на Владата е прифатено одредени капацитети од Армијата да бидат подготвени и расположливи за операции и мисии предводени од НАТО.

Со изработка соодветни планови за развој за прифатените расположливи елементи (квантитавини цели), главниот фокус ќе биде насочен кон достигнување на потребното ниво и исполнување на квалитативните цели. Опремувањето и модернизацијата, обучувањето и достигнување на потребниот степен на готовност ќе бидат од највисок приоритет и насочен во поддршка на навремено достигнување на потребните капацитети и способности.

**Развој на основна копнена болница ниво 2**

За национални и меѓународни потреби поврзани со поддршка на операции и мисии ќе развиваме и ќе одржуваме една основна копнена болница на ниво 2.

Како приоритет ќе биде насочен кон обезбедување потребен персонал преку развивање на пилот-проект од активна резерва, едуцирање и обука на персоналот, одржување на медицинска опрема и снабдување на потребните медицински материјали за функционирање на болницата.

Преку формирање активна резерва ќе се формира, извежба и ќе се оцени болницата на национално ниво каде што ќе следи и НАТО (MEDEVAL) евалуација.

Определениот медицински персонал во основната копнена болница ниво 2 активно ќе учествува и во сите обуки и вежби на Балканските медицински наменски сили (БМНС), со што ќе се создадат услови за унапредување на предвидените способности.

**Развој на капацитетите за контрола на здружен оган (JTAC)**

Армијата ќе развива способности за сопствени капацитети за поддршка на тактичките копнени единици и обезбедување ефикасна здружена огнена поддршка од земја и воздух при извршување операции предводени од НАТО за борбена поддршка на вооружените сили.

Со реализација на оваа цел ќе се обезбедат потребни способности и капацитети за контрола на здружен оган – Joint Terminal Attack Controller (JTAC) со набавка на нова опрема, како и селекција на соодветен подофицерски персонал, обука, сертифицирање и одржување на активен JTAC персонал.

## МОДЕРНИЗАЦИЈА И ОПРЕМУВАЊЕ НА АРМИЈАТА

Опремувањето и модернизацијата, како суштински процес во трансформацијата на Армијата, е од клучно значење за доизградба на постојните и за развивање нови способности и капацитети.

Севкупниот процес на опремувањето и модернизацијата ќе се оствари со извршување на одбранбениот буџет на годишно ниво, кој до 2024 година се очекува да достигне 2% од БДП и со аквизициска асистенција со стратешките партнери преку разни програми и договори, усогласени со нашите приоритети и потреби.

Опремување и модернизација претставува основна алатка за управување со процесот на развојот на капацитетите и способностите во одбраната. Замената на постојното вооружување, вооружени системи и опрема ќе се реализира во согласност со јасно изразените приоритети и со динамиката на аквизиција. Највисок приоритет за опремување и модернизација се единиците за учество во операции и мисии предводени од НАТО. Притоа, планот на Министерството е обезбедување потребен буџет во висина од 955 милиони евра (што претставува 28% од целокупниот буџет) во периодот 2023-2032 година за опремување и модернизација.

Според НАТО пакетот на цели на способности 2021 (квантитативни и квалитативни), прв приоритет ќе биде опремување и модернизација на единиците што влегуваат во состав на ЛПБГ. Според утврдените развојни планови единиците ќе се опремуваат со средства и опрема што ќе обезбеди подобрување и развој на:

- Способности за распоредливост, транспорт и побрзо снабдување;
- Способности за изведување операции во разни теренски и климатски услови, како и операции во урбана средина;
- Заштитата на персоналот со современа индивидуална борбена опрема;
- Способности за маневар, огнена моќ, мобилност на единиците и противоклопна борба;
- Интероперабилен тактички К4;
- Контрола и координација на воздушна поддршка од земја;
- Способности за индиректна (посредна) огнена поддршка со дострел до 20 километри;
- Способности за ПВО на многу мали височини;
- Способност за инженериска борбена поддршка и заштита на единиците од импровизирани експлозивни направи;
- Индивидуалните и колективните капацитети и способности за заштита од нуклеарно, хемиско и биолошко (НХБ) оружје, како и развој на капацитети за радиолошко, хемиско и биолошко (РХБ) извидување;
- Капацитетите за разузнавање, набљудување, наведување и извидување.

Со опремувањето и модернизацијата се дефинирани проекти кои ќе се реализираат преку имплементација на системот на ППБИ и во согласност со позитивните законски регулативи според Акцискиот план за ДПРОС 2023-2032.

ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ

Човечките ресурси претставуваат еден од клучните фактори, коишто го дефинираат потенцијалот на одбраната. Потребата од плански и креативни решенија за соодветно одржување и унапредување на квалитетот е влог што побарува и соодветен фокус на целокупниот одбранбен и армиски авторитет. Промените и потребите што се случуваат во поширокиот општествен човечки потенцијал, а фокусирани на новите генерации, потребно е да бидат препознаени, анализирани и воведени во соодветни нормативни документи, со цел станување конкурентни на пазарот на трудот.

Така дефиниран, системот за управување со човечки ресурси (во натамошниот текст: ЧР) постојано тежнее за да ја развива и да ја одржува организациската и концептуалната инфраструктура за конзистентно, максимизирано и долгорочно користење на продуктивноста на персоналот во рамките на системот за одбрана.

Цел на системот за управување со ЧР е да врши планско и насочено идентификување, регрутирање, создавање, одржување и развивање професионален и мотивиран човечки потенцијал во одбраната, рационално да се користат знаењата, компетенциите и искуствата за остварување на националните одбранбени интереси и успешно соочување со идните безбедносни предизвици.

Членството во НАТО, исто така, ја наметнува и потребата за соодветно учествување со национални човечки капацитети во самите НАТО структури. Учеството во НАТО командните и воените структури со квалитетен цивилен и воен персонал е потреба којашто ќе додаде вредност на Алијансата, но и ќе го промовира македонскиот човечки потенцијал во целост.

Доделените цели за способности 2021, пред сè, се базираат на соодветен и квалитетен човечки потенцијал. Знаењата, вештините и вредностите што се побаруваат да ги поседуваат во наредниот период ќе ја зголемат потребата од сеопфатни и креативни пристапи и решенија за човечкиот потенцијал. Еден од приоритетите на системот за управување со ЧР ќе биде целосно фокусиран на генерирање на тие потреби преку системскиот пристап, особено во насока на развивање на целите на способност за потребите на Лесната пешадиска баталјонска група (ЛПБГ).

Зголемувањето на брзината на системските процеси внатре во одбраната поврзани со генерациските промени на човечкиот капитал во одбраната и Армијата создаде потреба од идентификување на соодветниот персонал што ќе води, но и од друга страна соодветно натамошно ангажирање на персоналот што ќе биде заменет. Совпаѓањето на овие два човечки потенцијала, особено на процесот на пренос на искуството ќе биде повеќе од потребно, со цел одржување на институционалното знаење и меморија генерирани низ годините. Не помалку важно е во наредниот период да се зголеми процесот на ротација на работните места на вработените во Министерството и во Армијата со цел создавање поголем човечки потенцијал, кој ќе е оспособен за извршување на поголем број работни задолженија.

Во периодот од 2023 до 2032 година системот за управување со ЧР ќе се фокусира на унапредувањето на работните процеси, кои ќе овозможат на подолг рок соочување и надминување на предизвиците за остварување на поставените/зададените цели. Притоа, од витално значење е улогата на лидерите, нивната способност, обученост и компетентност да ги утврдат приоритетите и да го насочат персоналот со кој раководат кон извршување на зададените цели.

Во горенаведениот период како приоритети на управувањето со ЧР се:

1. Развивање на човечките ресурси во насока за навремено и потполно достигнување на целите на способности доделени во НАТО пакетот на цели на способности 2021;
2. Афирмирање на воената професија и специфичностите и значењето на административните службеници во одбраната;
3. Подигнување на личноста, интегритетот и иницијативата на персоналот на повисоко ниво;
4. Привлекување и регрутирање на висококвалитетен персонал;
5. Насочено водење во кариерата врз основа на резултатот, потенцијалот и среднорочните и долгорочните проекции на кариерата;
6. Задржување, мотивирање и грижа за персоналот за времетраење на службата и по нејзиното завршување;
7. Развој на лидери во одбраната на сите нивоа и креативно решавање на зададените цели;
8. Континуирано образование и обука на персоналот во одбраната и Армијата.

Утврдените приоритети во делот на долгорочниот план за развој за управување со ЧР ќе овозможи на лидерите и на персоналот, чија задача е планирање на ЧР да ги приоритизираат и подобруваат работните процеси и чекори за управување со ЧР во согласност со националните интереси, одбранбените цели и со законската рамка. Приоритетите ќе се разработат и ќе се реализираат преку две фокусни области:

## 1. Управување со човечки ресурси

Управувањето со човечките ресурси е комплексен и мултидимензионален процес на зголемување на капацитетот на ЧР како најважен ресурс. Притоа, јасно креиран систем, едноставни и логично поврзани чекори и максимално почитување на воспоставениот процес од сите чинители во одбраната претставува предуслов за неговата успешност.

Притоа, оваа фокусна област ќе биде исполнета преку следните општи цели и тоа:

### Унапредување на системот за управување со човечки ресурси

Стратегијата за управување со ЧР во одбраната е сеопфатен референтен документ, кој ја уредува и ја насочува визијата за развој. Таа предвидува со интеграција на информатичката технологија, вештачката интелигенција и управувањето со организациското знаење во процесите на системот, да се врши планско и насочено создавање, одржување и развивање професионален и мотивиран човечки потенцијал во одбраната.

Предуслов за успешен континуиран развој на системот за управување со ЧР е развојот, унапредувањето и вреднувањето на вкупните индивидуални потенцијали, за што се предвидува и соодветно законско решение, кое ќе го регулира статусот, правата и обврските од работен однос на персоналот во Министерството. Со донесување нов закон ќе се операционализира можноста за развој на системот за управување со ЧР во согласност со визијата на Стратегијата.

### Привлекување и регрутирање персонал

Доследното функционирање на процесите на одбраната е условено со континуираното пополнување со персонал. Високата мотивираност и задоволството на персоналот во одбраната од работниот и животниот стандард, привилегиите од работниот однос и нагласената грижа кон вработените и нивните семејства, ја обезбедуваат конкурентноста и привлечноста на должностите во одбраната на пазарот на трудот.

Во периодот во согласност со акцискиот план, ќе се изработи проекција за привлекување и регрутирање на персоналот во согласност со потребите на Министерството и на Армијата, усогласена со моделите за образование и обука и ќе се изврши насочена популаризација на воената професија и работата во одбранбениот сектор, за да се мотивираат доволен број граѓани за започнување кариера во Министерството и во Армијата.

Пополнување на активниот и на резервниот состав на Армијата ќе се реализира во согласност со законските одредби од овој домен, со посебен акцент на регрутирање персонал особено насочено кон исполнување на целите за способности 2021.

**Насочено водење во кариерата на персоналот**

Проектирањето на кариерата на секој поединец на долг и на среден рок го обезбедува индивидуализираното управување со персоналот во одбраната. Моделите за развој во кариерата на персоналот го обезбедуваат планското водење на персоналот, вертикално и хоризонтално, по хиерархијата на одбраната. Ова ќе се постигне преку овластените одбори, што ќе овозможат насочено и целисходно водење во кариерата во согласност со потребите на одбраната, а базирано на ефикасноста, постигнатиот резултат, компетенциите и потенцијалот.

Проекцијата за насочено водење во кариерата ќе го утврди минималното и максималното време за вршење на секоја должност во одбраната, ќе го услови навременото и постепеното движење на персоналот низ структурата на организацијата. Ваквиот начин на водење во кариера ќе обезбеди развој на комплетни индивидуи посветени на професијата, како и лидери со висок интегритет и етика.

Преку унапредување на целиот систем за развој во кариерата на персоналот ќе се зголеми интегритетот при носењето одлуки и ќе се зајакне транспарентноста, одговорноста и отчетот.

**Задржување на персоналот во одбраната**

Задржувањето на персоналот е клучно за професионализацијата на ЧР во одбраната и нивната проекција на кариера на долг рок. Потребите на одбраната, фазите и моделите на кариерниот развој го условуваат задржувањето и стимулацијата на персоналот.

**Грижа по завршување на кариерата во одбраната**

Заминувањето на персоналот којшто ја завршува кариерата во одбраната, во која било фаза на кариерата, го условува приливот на нов персонал во почетната фаза на кариерата. Министерството ќе разработи соодветни модалитети за престанок на службата на сите категории вработени во одбраната, со што ќе се обезбеди соодветно планирање на приемот и одливот и соодветно пополнување на Министерството и на Армијата.

Достоинственото и соодветно заминување на персоналот од одбраната овозможува позитивна популаризација на одбраната и зголемување на интересот на граѓаните за започнување кариера во одбраната.

**Намалување на старосната граница на лицата на служба во Армијата и вработените во одбраната**

Службата во Армијата побарува „млада“ работна сила. Во изминатите години е започнат процес на постепено намалување на старосната граница во целокупната одбрана и истиот тренд во наредниот период ќе се задржи. Крајната цел е постигнување оптимално пропорционално распоредување на персоналот во согласност со возраста во Министерството и во Армијата.

Предлог-активностите што ќе се преземаат за намалување на старосната граница на офицерите и подофицерите ќе биде преку исполнување на условите за пензија, но и предвремено пензионирање одреден кадар, што ќе овозможи прилив на помлад персонал.

Посебно внимание ќе се посвети кон просечна старосна граница на професионалните војници. Ќе се зголемат значително критериумите за служба во Армијата, што ќе овозможи потребен одлив на тој персонал и ќе се создаде потреба од прием.

Втората фокусна област е:

**2. Соодветна и правична етничка и родова застапеност**

Во Министерството и во Армијата се преземаат мерки за заштита на начелата на недискриминација, еднаквите можности на мажите и жените и соодветната и правична застапеност на припадниците на заедниците, врз основа на критериумите на стручност и компетентност.

За потполно исполнување на оваа фокусна област се предвидуваат следниве општи цели:

**Соодветна и правична етничка застапеност во одбраната**

Соодветната и правична етничка застапеност, во согласност со општествено прифатените норми и стандарди, е комплементарен критериум за регрутирање, задржување и водење во кариерата. Ваквата застапеност го обезбедува мултикултурниот општествен одраз на одбраната.

**Родова перспектива во одбраната**

Инкорпорирањето на родовата перспектива и еднаквите можности на мажите и жените во одбраната е во согласност со стратешката определба на Владата, стратешките цели од Националниот план за акција за родова рамноправност, вториот Национален акциски план на Република Северна Македонија за имплементација на Резолуцијата на Организацијата на Обединетите нации 1325. – Жени, мир и безбедност 2020 – 2025 – стратегиска рамка и НАТО политиката за „Жени, мир и безбедност“, сродни иницијативи и документи. Ова подразбира развивање на родовата еднаквост во сите сегменти од работните процеси и во управувањето со ЧР.

ОБРАЗОВАНИЕ И ОБУКА

Воспоставениот систем за образование и обука претставува прв базичен елемент во целокупната одбрана, што ги соединува капацитетите од главните ресурси во одбраната, односно човечкиот капитал со материјално-техничките средства. Притоа, спoените капацитети прераснуваат во способност/и преку која се реализираат доделените мисии и задачи.

Системот за образование и обука во одбраната и во Армијата го опфаќа целокупното образование и обука во текот на кариерата на персоналот. Во рамките на овој систем преку различни форми на реализација се обезбедува континуирано индивидуално и институционално професионално учење, добивање позитивни вредности, стекнување нови знаења, вештини и способности за извршување на доделените задачи и активности и остварување на функциите на Министерството и во Армијата

Чинителите во системот за образование и обука во Министерството и во Армијата се делат на управувачки елементи, што се пресликани преку организациските единици во Министерството и во Генералштабот, како и извршни елементи кои непосредно спроведуваат образование и обука. Нивната интеракција е пресликана преку единствениот план за реализација, но и организирано и системско донесување и ажурирање стратешки документи, доктрини, правила и прописи поврзани со образованието и обуката.

Полноправното членство во НАТО ни овозможува мобилност, односно пренос на стручно знаење и вештини, но и користење на капацитетите за образование и обука од нашите сојузници. Како дополнителна придобивка ќе биде и нашата партиципација и интеграција во тие глобални вредности во областа на образованието и обуката.

Преку хармонизација на националниот процес на одбранбено планирање со НАТО процесот на одбранбено планирање, дефинирање и прифаќање на доделените цели за способности 2021, се определуваат приоритети и се даваат насоки за образование и обука на ЧР. Тоа дава солидна основа за континуиран развој и унапредување на веќе воспоставениот систем на образование и обука со крајна цел создавање способен човечки капитал во Министерството и во Армијата.

Од друга страна, како клучен предуслов за успешност на целокупниот систем за образование и обука претставува неговото управување од соодветен и компетентен персонал во сите негови фази, со јасни надлежности и одговорности на сите нивоа на функционирање. Исто така, значајна е поддршката на системот со соодветна образовно-материјална база, зајакната со современи информатичко-технолошки алатки и инфраструктурни капацитети. Вака дефиниран и заокружен систем на образование и обука ќе биде во функција на главните развојни цели на одбраната на национално и на меѓународно ниво.

Во периодот од 2023 до 2032 година, главните приоритети на системот за образование и обука се:

1. Поддршка и насочување за навремено и потполно достигнување на целите на способности доделени во НАТО пакетот на цели на способности 2021;
2. Унапредување на системот за образование и обука и негово управување;
3. Ревидирање и надоградување на нормативната рамка на системот за образованите и обука;
4. Континуирано одржување на базата на сертифицирани обучувачи и експерти како и нивно одржување преку континуирана обука на обучувачи во специфични области;
5. Континуирано одржување и модернизирање на образовно – материјалната база;
6. Континуирана соработка со релевантни институции од областа на образованието и обуката на национално и на меѓународно ниво.

Со цел успешно реализирање на дефинираните приоритети, како општи цели за образованието и обуката ќе бидат:

**Надоградување на системот за образование и обука во одбраната**

Министерството за одбрана преку Секторот за човечки ресурси (во натамошниот текст: СЧР), е организациски носител на функционалните задачи за управување со системот за образованието и обуката, преку дистрибуција и координирање на надлежностите и одговорностите на сите негови делови, со што се овозможува да се имплементираат стратешките определби и политиките на Министерството во делот на образованието и обуката.

## Организација и изведување на обуката во Армијата

Генералштабот, како единствена стратегиска команда, е носител на имплементацијата на политиките во однос на обуката и вежбите во Армијата, планирањето на обуката во согласност со стандардите на НАТО за остварување на мисиите и задачите на Армијата. Континуираните реформи на обука се главна алатка за подобрување на интероперабилноста на командите и единиците на Армијата.

Во контекст на горенаведеното, ќе се продолжи со одржувањето на капацитетите со летачки персонал во рамките на посебен сквадрон во Армијата, како и со развојот, генерирањето и одржувањето на сили и способности за придонес во операции и мисии предводени од НАТО како што во моментов побаруваат дефинираните цели за НАТО способности. Континуираната обука и оценување на силите и способностите за придонес во НАТО водени операции и мисии ќе биде во согласност со NATO CREVAL, TACEVAL, MEDEVAL и SOFEVAL. Тоа ќе вклучи учество во НАТО, национални и други вежби, со цел да се одржи бараното ниво на интероперабилност и подготвеност за распоредување со НАТО капацитети.

## Унапредување на образованието и обуката во одбраната

Системот на образование и обука во одбраната преку различни форми на образование и обука обезбедува институционално и континуирано професионално учење, стекнување нови знаења, вештини и способности на ЧР за извршување на мисиите и задачите и остварување на функциите на Министерството и во Армијата.

Во рамки на овој систем Воената академија (во натамошниот текст: ВА) „Генерал Михаило Апостолски“ е надлежна за образование на кадри за потребите на Министерството и на Армијата. За воено стручната обука на кадетите е надлежна Армијата (Команда за обука и доктрини - КОД). Притоа, ВА е носител на образованието на офицерскиот кор во Армијата за сите циклуси на студии (прв, втор и трет циклус на студии), курс за стручно оспособување и усовршување на офицери за служби во Армијата и на офицери за пилоти, како и континуирана професионална обука. Во таа насока, ВА во следните 10 години ќе продолжи да се развива во високообразовна и научно-истражувачка установа од регионален карактер.

Центарот за обука во одбраната „Др. Џозеф Крузел“ во наредниот период ќе продолжи со реализацијата на специјализирани обуки за потребите на одбраната и безбедноста на национално ниво. Во согласност со целите на способност, Центарот за обука ќе прерасне во национален капацитет за спроведување предупатни обуки за учество во операции за стабилизација и реконструкција. Исто така, Центарот ќе се развива преку зголемување на бројот на понудени области за обука, соработка со центри за обука во регионот и пошироко, како и подигање на капацитетите на обучувачи за различни модули за обука.

Во согласност со програмата за работа на Владата на Република Северна Македонија за периодот 2020-2024 година, а во духот на концептот на „паметна одбрана“, Регионалниот центар за односи со јавност (РЦОЈ) ќе прерасне во Центар за односи со јавноста и справување со дезинформации преку развивање сопствени капацитети за обука од оваа област. Овие капацитети ќе го претставуваат превентивниот сегмент на системот за детекција на лажни вести и справување со дезинформации во Министерството. Во согласност со НАТО потребите и побарувањата за индивидуална обука од областа на односите со јавноста и справувањето со дезинформации, а во соработка со Центарот за извонредност за стратегиски комуникации од Рига, овие капацитети ќе бидат понудени за потребите на НАТО.

На крај, а со цел понатамошно развивање на РЦОЈ како етаблиран НАТО Партнерски центар за едукација и обука, е предвидено обезбедување на институционална акредитација на Центарот за обезбеден квалитет (Quality Assurance).

**Зголемување на способностите на КОД**

КОД врши планирање, организација, координација и реализација на индивидуална обука на војници, питомци, подофицери за потребите на Армијата. Воедно, врши поддршка на колективната обука на командите и единиците на Армијата и развој на доктрините и научените лекции во Армијата. Ќе се посвети поголемо внимание на образованието и обуката на подофицерите преку борбено-штабни, специјализирани и курсеви за лидери како и основни курсеви за подофицери. Дополнително, развојот ќе вклучи модернизација, обнова и доизградба на полигоните, опремата и постојната инфраструктура.

Во периодот од 2023 до 2026 година се очекува во Армијата да влезат во употреба зголемен број на нови борбени системи. Изградбата на соодветна инфраструктура преку серија на симулатори, како и планови и програми за обука и воспитување, ќе биде еден од фокусот на активностите на КОД.

Во моментов, НАТО има започнато процес на концептуално редефинирање на воената доктрина, кој е предводен од Сојузничката команда за трансформација. Активно учество и придонес со сопствени идеи, како и поддршка на нормативното уредување на националната воена доктрина ќе биде една приоритет во работата на КОД.

**Изучување странски јазици и подобрување на јазичните вештини**

Унапредувањето на квалитетот на јазичната обука е приоритет на Министерството и на Армијата во насока на зголемување на нивото на познавање на странски јазици на вработените преку осовременување на наставните програми, континуирана обука на наставниот кадар и воведување современи методи на настава и учење.

Тежиштето во изучувањето на странските јазици ќе биде изучувањето на англискиот јазик, а според потребите, ќе се изучуваат и други странски јазици.

Нивото на познавање на англискиот јазик во Министерството и во Армијата во иднина ќе се утврдува врз основа на НАТО стандардот СТАНАГ6001, а Центарот за странски јазици ќе спроведува тестирање со ALCPT тестот за потребите на јазичната обука по англиски јазик. Приоритетните нивоа на владеење странски јазик, во согласност со СТАНАГ 6001 ќе бидат нивоата 2, 2+ и 3, со цел да се задоволат побарувањата за ефикасна и ефективна интероперабилност со земјите-членки на НАТО.

## ЛОГИСТИЧКА ПОДДРШКА

Системот за логистичка поддршка се спроведува во согласност со постојниот концепт за логистичка поддршка на одбраната на државата. Логистичката поддршка претставува еден од главните сегменти на целокупниот систем за одбрана со кои сите одбранбени способности и капацитети се одржуваат на потребното рамниште на подготвеност. Промените во поширокото опкружување, особено поврзано со материјално- техничкиот фактор и начинот на негова поддршка и обезбедување, претставува потреба за постојано препознавање, анализа и преземање активности за усогласување на целокупниот систем.

За надминување на воочените слабости за потребите на Армијата и на Министерството ќе се развива интегрирана логистичка поддршка, која ќе ги вклучува основните, дополнителните и помошните логистички функции. Нивната интеракција и синергија со системот за создавање (проектирање) и одржување на борбената сила преку циклусите на одморање, подготовка, подготвеност и употреба, претставува важен и целосен елемент.

Основната цел на системот за логистичка поддршка е со планско идентификување на одбранбените и борбено сервисните потреби за способности и капацитети, создавање на предуслови за набавка и/или обезбедување на потребите и спојување преку материјалните и услужните потреби во Републиката, но и при распоредување на одбранбените капацитети надвор од Републиката.

Дефинираните одбранбени капацитети во согласност со доделените цели на способности ќе претставуваат и посебен фокус на целокупниот систем на логистичка поддршка. Системот ќе биде развиван од три составни делови и тоа: одбранбени каде што ќе се реализира функцијата на набавки на потребните средства и чување на материјалните резерви, оперативни капацитети каде што ќе се врши поддршка на армиските капацитети со секојдневни работни задачи и обврски како и распоредливи капацитети, што ќе бидат во функција за поддршка на составите при мисии и операции.

Во периодот од 2023 до 2032 година приоритетите на логистичката поддршка ќе се насочени кон:

1. Навремено и потполно достигнување на целите на способности доделени во НАТО пакетот на цели на способности 2021;
2. Логистичка поддршка на способностите на распоредливите сили за операциите и мисиите предводени од НАТО и други меѓународни мисии надвор од државата;
3. Ревизија и имплементација на логистичка поддршката на новата структура на силите;
4. Градење материјална база на сите материјали;
5. Обезбедување неопходни логистички услови за живот и работа;
6. Воведување на органската логистичка поддршка.

Како општи логистички цели, коишто ќе извршат поддршка во исполнувањето на приоритетите се:

Подобрување и нормативно доуредување на системот за логистичка поддршка.

Концептот за логистичка поддршка на одбраната на Република Северна Македонија претставува референтен документ преку кој се дефинираат постулатите за воспоставување и развој на системот за логистика. Еден од елементите во него претставува и воведувањето органска логистичка поддршка за сите единици на Армијата, којашто е реализирана со преструктуирањето на организациско – формациската структура на Армијата. Дополнителен елемент претставува и медицинската поддршка, што е дефинирана преку концепт за медицинска поддршка. Во следниот период ќе се продолжи со редовно анализирање на воспоставениот систем на логистичка поддршка, со намера за унапредување на основните постулати.

Како членка во НАТО, концептот за земја-домаќин претставува и еден од основните нормативни рамки преку кој се овозможува исполнувањето на мисиите за колективна одбрана, кризен менаџмент и кооперативна безбедност. Успешното заокружување ќе претставува и успешност во исполнување на основните мисии.

Целокупната логистичка поддршка ќе биде заокружена со користење на системот на управување со логистички информации, којшто ќе биде во согласност со воспоставените потреби.

**Подобрување на системот за набавки на материјали и услуги**

Набавките на МТС и услуги ќе се вршат според позитивните законски прописи на Република Северна Македонија за јавни набавки и набавки во областа на одбраната и безбедноста во делот за тековно снабдување на командите и единиците. Во делот на модернизација на Армијата од областа на логистиката, посебно за опремување на командите и единиците наменети за извршување мисии надвор од земјата (мисии предводени од НАТО, ЕУ, ООН), ќе се користат и другите можности за склучување договори и аранжмани за обезбедување со сите класи на снабдување од I до V.

**Подобрување на одржувањето на опремата и материјално-техничките средства (МТС)**

Во периодот од 2023 до 2032 година се очекува и заокружување на материјалната база на одбранбените капацитети во согласност со потребите дефинирани од развојните планови. Како клучен елемент на логистичката поддршка ќе биде надоградување на целокупниот систем за одржување.

Притоа, одржувањето на техничките материјални средства ќе се реализира во согласност со концептот за логистичка поддршка. Првото и второто ниво на одржување на опремата и МТС ќе го реализираат органските логистички елементи на борбените единици. Третото ниво на одржување ќе се реализира во капацитетите за одржување логистичка база, а четвртото ниво на одржување ќе се реализира во капацитети на националната економија или од страна на стратешки партнери преку склучување договори за поддршка во одржувањето.

За технички материјални средства за кои Армијата не располага со сопствени капацитети за одржување, а нивниот развој е нерентабилен, одржувањето на сите нивоа ќе се реализира преку склучување договори за поддршка во одржувањето. Изборот на капацитетите за поддршка во одржувањето ќе зависи од расположивите сопствени капацитети, сложеноста на техничките материјални средства и од можностите на потенцијалните капацитети за поддршка во одржувањето (располагање со технологија, резервни делови, алат и опрема).

Фокус ќе биде ставен на подобрување и приспособување на системот за одржување и оспособување на нови капацитети за одржување на техничките материјални средства, кои се предмет на опремување и модернизација.

**Долгорочна логистичка поддршка за оперирање со воздухопловите**

Субјектот за долгорочна логистичка поддршка за оперирање со воздухопловите ќе се одредува одделно за секој тип на воздухоплов, доколку не постои можност за одредување еден единствен. При одредување на субјектите ќе се користат сите расположиви модалитети, вклучително и аранжманите „Влада со Влада”, при што субјектите треба да се „оригинални производители на опремата” (ОПО) или овластени од ОПО. Верификација на овластувањата на субјектот ќе врши надлежна организациска единица во Министерството.

**Ослободување од застарена и вишок воена опрема и неперспективни вооружени системи**

Набавката на новите вооружени системи побарува и соодветно ослободување на опремата којашто е во употреба во Армијата. Започнатиот процес на анализа на прегледот на застарена, неперспективна опрема и вишок на вооружување, како и неперспективни

вооружени системи, ќе биде постојано надградуван со цел соодветна и планска замена на системите. Консолидираниот преглед во согласност со нормативното уредување ќе биде реализиран преку Планот за ослободување.

За избегнување на дополнителни трошоци при ослободувањето од неперспективното вооружување и опрема, при идните аквизициски проекти, односно при спроведување на идните набавки на вооружени системи и опрема, ослободувањето од истите ќе биде планирано во рамки на проектираниот животен циклус во согласност со упатството за аквизиција.

## Кодифицирање класи на материјали

Кодификацијата на материјалите е од особено значење во процесот на управување со материјалите, и како таква, има влијание на способностите на системот за логистичка поддршка за брза идентификација и дистрибуција на материјалите. Важноста на кодификацијата особено доаѓа до израз во услови на мултинационално опкружување и постигнување интероперабилност во рамките на НАТО. Преку соодветно заокружување на овој систем ќе се создадат потребните услови за брза и точна размена на информации за материјалите со партнерите во НАТО, како и овозможување на производителите од националната економија да ги претстават своите „кодифицирани“ производи како потенцијален извор на снабдување за потребите на НАТО членките.

Како полноправна членка на НАТО, во категорија на ТИЕР2 (целосен пристап) имаме право на кодификација на материјали со издавање соодветни NSN (НАТО стоков број) и регистрација на национални фирми и здруженија во базата на податоци на Агенцијата на НАТО за набавки и снабдување (NSPA) со издавање NCAGE (национален комерцијален и владин ентитет) - кодови.

## Дивестирање на несуштинските дејности

За унапредување на логистичката поддршка и за унапредување на севкупните работни процеси во Министерството и во Армијата ќе се започне и продолжи со дивестирање на несуштинските дејности. Во согласност со заклучоците од функционалната анализа, е утврдена потреба од дивестирање на несуштински дејности кои се однесуваат на исхраната, на угостителските и сместувачките услуги, одржувањето  хигиена, тековно одржување на објекти и инфраструктура, како и унапредување на обезбедувањето на објекти на Министерството и на Армијата. Со ослободување од наведените несуштински функции за одбраната и унапредување на обезбедувањето објектите, ќе се овозможи и намалување, односно соодветна распределба на персоналот и подобра организација за извршување на основните функции.

Во тек е евалуација на предлог-моделите за дивестирање, кои одат во правец на пренесување на несуштинските дејности на јавно претпријатие, јавно-приватно партнерство, давање под концесија или друго договорно решение.

## Стратегиски транспорт на распоредливите капацитети

Во согласност со целите на способности потребно е да се склучи еден или повеќе договори за упатување во мисија на распоредливите сили за операции и мисии предводени од НАТО, со посебен акцент на потребите од стратегиски транспорт на ЛПБГ/ЛПБН за распоредување во рамки на зоната на операција на единицата. Стратегискиот транспорт

треба да се обезбеди во рамки на расположливите капацитети на земјите-членки на НАТО, или со конзорциуми и агенции кои вршат стратегиски транспорт за потребите на земјите-членки на НАТО.

Со стратегискиот транспорт ќе се достигне интероперабилност со НАТО, односно ќе се овозможи брзо распоредување на единиците на Армијата за учество во меѓународни операции и мисии за поддршка на мирот, превенција на конфликти и хуманитарни операции предводени од НАТО, ЕУ, ООН и други регионални иницијативи.

## ОДБРАНБЕНИ КОМПЛЕКСИ, ОБЈЕКТИ, ИНСТАЛАЦИИ И ИНФРАСТРУКТУРА

Одбранбените комплекси, објекти, инсталации и инфраструктура се составен дел на системот на одбраната, кои овозможуваат соодветно сместување, работење и обука на персоналот вработен во одбраната и во Армијата. Потребата од соодветно планирање, организирање, постојано одржување како и редовно модернизирање, претставува неопходен предуслов за исполнување на одбранбените способности. Од друга страна, создавањето потребни услови за живот и работа на човечкиот капацитет и неопходните услови за чување на материјално-технички средства е есенцијална потреба за создавање современо работно опкружување.

Со брзиот технолошки развој се наметна и потребата од вклучување на современите текови на развојот кон соодветно преуредување на целокупниот инфраструктурен систем кон таканаречената „зелена одбрана“. Побарувањата од оваа иницијатива во потполност ќе бидат интегрирани постепено во целокупната инфраструктура што ја користи Министерството и Армијата. Оваа иницијатива ќе биде комплементарна и интегрирана во веќе започнатото инвестирање за подобрување на состојбата на инфраструктурата и истото ќе продолжи засилено во наредниот период.

Доделените цели за способности 2021, во голема мера, се базираат на современи вооружени системи. Тоа претставува важен елемент во делот на инфраструктурата, поради што е потребно да се изврши соодветно планирање, организирање и создавање услови за сместување и чување на новонабавените материјално-технички средства. Притоа, ќе се создадат предуслови за инвестирање во долгорочноста на набавените средства.

Поради фактот што одбранбените комплекси, објекти, инсталации и инфраструктура се поставуваат на долг рок, се наметнува и потребата од постојано преиспитување на создадената визија за распоредување на одбранбените и армиските капацитети. Проекцијата на утврдување за консолидирање на единиците на Армијата на локации надвор од населените места заедно со факторите како економичност, централизираност, мултифункционалност и сеопфатност, ќе бидат елементи што ќе се разгледуваат постојано.

Во меѓународен контекст од особено внимание ќе биде поддршката и натамошното одржување на Командата на SEEBRIG во Куманово, како и обезбедување капацитети за престој и живеење за вработените и нивните семејства.

Во периодот од 2023 до 2032 година како приоритети во доменот на инфраструктурата се следниве:

1. Развивање на инфраструктурните капацитети со цел поддршка и насочување за навремено и потполно достигнување на целите на способности доделени во НАТО пакетот на цели на способности 2021;

2. Изградба и модернизирање во современа инфраструктура за новите материјално-технички средства;

3. Создавање современи и стандардни услови за живот и работа на човечкиот капацитет;
4. Унапредување на системот за одржување и обезбедување на инфраструктурата;
5. Модернизирање на инфраструктурата за образование и обука;
6. Имплементација на концептот „зелена одбрана“ во целокупната инфраструктура;
7. Реновирање и одржување репрезентативна инфраструктура на Министерството.

Приоритетите ќе се реализираат преку исполнување на следниве општи цели и тоа:

**Унапредена нормативната рамка за управување, обезбедување и одржување на објектите и инфраструктурата**

Нормативната рамка претставува основа што го дефинира системот, надлежностите и чекорите што се преземаат во доменот на инфраструктурата. Со цел создавање систем што ќе го зголеми квалитетот на планирањето, но и одржувањето на објектите, ќе се изврши и соодветна анализа и согледување на сеопфатноста и одржливоста на истиот. Постапката за запишување на корисничкото право за земјиштето зависи од измената на Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост.

Во наредниот период се очекува интензивирање на постапката за изменување на законската регулатива. Од друга страна, соодветната децентрализација во доменот на основното одржување на објектите што се користат од единиците и установите, претставува потреба за да се заокружи целокупниот систем. Во овој дел ќе се разгледаат и можностите за дивестирање на функцијата одржување и обезбедување објекти и инфраструктура преку креативно разгледување на можните солуции. Воедно, е потребно да се ажурира и Планот за дивестирање на несуштинскиот имот на Министерството за одбрана.

**Реновирање и/или изградба на нова инфраструктура за живот и работа**

Создавањето на соодветни и стандардни услови за живот и работа на вработените во одбраната и во Армијата претставува неопходен услов за постигнување повисоки резултати во работата. Постигнатиот успех од веќе започнатото реновирање на објектите за живот и работа ќе продолжи понатаму.

Како дополнителна иницијатива во овој домен ќе биде и започнување со постепено реновирање на сите објекти каде што се реализира обуката и објектите кадешто се подготвува и се дели храната. Во периодот од 2023 до 2032 година ќе се започне реновирање на објектите за сместување, живот и работа на персоналот, технички работилници и сервисни станици, инсталации за поддршка каде што се распоредени воените единици.

Членството во НАТО побарува и зголемена интеракција и работни средби и состаноци, кои ќе се реализираат во Република Северна Македонија. Министерството ќе започне со соодветно реновирање и адаптација на репрезентативниот објект „Домот на Армијата“ во центарот на град Скопје, којшто ќе се користи за оваа намена. Долгорочно ќе се започне со соодветни проценки и анализи за проширување на други репрезентативни објекти на територијата од Републиката.

**Развој и модернизација на инфраструктурата за образование и обука**

Инфраструктурата и капацитетите за обука се еден од основните предуслови за квалитетна и ефикасна обука, а нивното ефективно менаџирање ќе обезбеди поддршка на обуката со цел исполнување на мисиите и задачите на Армијата, како и исполнување на целите на способностите. За таа цел се планира соодветно осовременување и подигнување на постојните капацитети и тоа:

- Развој на армискиот полигон (АП) „Криволак“, кој ќе вклучи модернизација, обнова и доизградба на полигоните, опремата и постојната инфраструктура;
- Развој и модернизација на објектите наменети за реализација на наставата во ВА, кој ќе вклучи модернизација, обнова, изградба и доизградба на спортска сала и спортски терени, опрема и постојната инфраструктура;
- За Центарот за обука „Д-р Џозеф Крузел“ ќе се изработи проект за модернизација и опремување на капацитетите за развиен центар на национално, регионално и меѓународно ниво за спроведување обуки во областа на стабилизација и реконструкција;
- За РЦОЈ е предвидено осовременување на капацитетите за обука и сместување, со цел достигнување на современите стандарди за обука во рамки на предвидениот процес на апликација за добивање институционална акредитација на РЦОЈ во 2026 година.

## ФИНАНСИСКИ РЕСУРСИ

Финансирањето на одбраната претставува еден од поважните елементи што придонесува за создавање предуслови за успешно зајакнување и одржување на целокупниот одбранбен систем. Притоа, во изминатите години се обрнуваше големо внимание особено кон преземената обврска, што произлегува од заложбите на НАТО за инвестирање во одбраната со постигнување на 2% на буџет на Министерството од БДП и минимум 20% инвестирање во опремување и модернизација.

Имено, во согласност со проекциите од претходниот развоен документ за периодот 2019-2028 година, буџетот кој се одобруваше на Министерството за одбрана има тенденција на перманентен пораст.

| р/б | Елемент | 2018 | 2019 | 2020 | 2021 | 2022 |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Буџет на Министерство (во % од БДП) | 0,98 | 1,19 | 1,37 | 1,57 | 1,77 |
| 2 | Опремување и модернизација | 11,84 | 15,39 | 18,23 | 23,63 | 31,81 |

Проекцијата на буџетот за Министерството за изработка на Долгорочниот план за развој на одбранбените способности за периодот 2023-2032 година, е изработена врз основа на проектираниот бруто-домашен производ (БДП) во наредниот десетгодишен период и проценти на издвојување од БДП за потребите на Министерството за истиот период.

За периодот 2023-2027 година проектираниот БДП е изработен во Министерството за финансии. Проектираниот БДП за наведениот период е во согласност со среднорочните фискални цели и стратешки приоритети на Владата и овозможува следење на динамиката на приходите и расходите во однос на фискалните цели.

За периодот 2028-2032 година, секторот за финансии изработи проекција на БДП со примена на стапката на раст на БДП и проектирана инфлација (изведени со формула).

Министерството за финансии потенцира дека во наредниот период со подготвување на среднорочните фискални стратегии проекциите е можно да претрпат измени за да ги одразат пореално очекуваните макроекономски движења во меѓународното окружување и економските мерки и политики, кои ќе бидат планирани/спроведени во земјата. Не се очекува евентуалните измени да доведат до поголеми измени во проекцијата на БДП.

Во согласност со политички усвоените заложби за инвестирање во одбраната, како и дефинираните цели во националните стратегиски документи, процентот од БДП за издвојување за буџетот на одбраната ќе се зголемува за 0,2 процентни поени годишно, до исполнување за издвојување на 2% од БДП за одбраната до 2024 година. Националната намера е задржување стабилни буџет на одбраната од минимум 2% од БДП по 2024 година.

Вака утврдените финансиски средства ќе бидат основа за финансирање на утврдените цели, задачи, активности и проекти утврдени во ДПРОС, проектираната организациско – формациската структура на Министерството и на Армијата, презnamените меѓународни обврски за учество во меѓународни операции и мисии, преземените обврски за исполнување на прифатениот пакет на цели на способности добиени од НАТО и потребите за опремување и модернизација.

Во табелата е дадена проекцијата на буџетот на одбраната за период 2023-2032 година и процент на издвојување од БДП[3] .

| Ред. бр. | ОПИС | ГОДИНИ | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | 2023 | 2024 | 2025 | 2026 | 2027 | 2028 | 2029 | 2030 | 2031 | 2032 |
| 1 | Проекција на реална стапка на раст на БДП | 2,9 | 4,1 | 5,0 | 5,6 | 5,4 | 5,4 | 5,4 | 5,4 | 5,4 | 5,4 |
| 2 | Проектирана инфлација (%) | 7,1 | 2,5 | 2,0 | 2,0 | 2,0 | 2,0 | 2,0 | 2,0 | 2,0 | 2.0 |
| 3 | БДП (во мил.ден.) | 920,229 | 980,467 | 1,049,969 | 1,130,711 | 1,215,721 | 1,306,997 | 1,405,127 | 1,510,624 | 1,624,041 | 1,745,974 |
| 4 | Процент на Буџет на МО во БДП | 1,85 | 2,0 | 2,0 | 2,0 | 2,0 | 2,0 | 2,0 | 2,0 | 2,0 | 2.0 |
| 5 | Буџет на МО (во мил.ден.) | 17,024 | 19,609 | 20,999 | 22,614 | 24,314 | 26,140 | 28,103 | 30,212 | 32,481 | 34,919 |

Министерството врз основа проекциите и регулативата за повеќегодишно планирање, програмирање, буџетирање и извршување, ќе развие програми и проекти за развој на одбраната и класификација на трошоците во согласност со НАТО методологијата на трошоци за: персонал, операции и одржување, како и за опремување и модернизација.

## КОМУНИКАЦИСКИ И ИНФОРМАЦИСКИ СИСТЕМИ И САЈБЕР ОДБРАНА

Министерството и Армијата планираат и организираат непрекинат систем за К4 (Команда, Контрола, Комуникации и Компјутери) и сајбер одбрана.

Брзиот техничко - технолошки развој наметнува потреба за модернизација и опремување со системи за К4 и сајбер одбрана со имплементација на современи хардверски и софтверски решенија за комуникации, мрежи и сервиси, кои обезбедуваат услови за стратегиско планирање и интероперабилност при употреба на командите и единиците на Армијата на национално ниво и при извршување мисии во НАТО.

[3] Податоците за проектиран БДП, реалната стапка на раст на БДП и инфлација за 2023 година се објавени од МФ во декември 2022 година, за период 2024-2027 се добиени од МФ во март 2023 година, а за период 2028-2032 година се изработени во СФ.

Модернизацијата на системот за К4 и сајбер одбрана ќе се развива во согласност со сојузничката С3 стратегија (C-M(2018) 0037) и ќе се применува во рамките на сојузничката С3 политика (C-M(2015)0041-REV2) како и исполнување на прифатените цели на способности 2021 за Република Северна Македонија.

**Клучни принципи**

Информацијата претставува критичен ресурс и поддршката на КИС и неговите сервиси се основа за успешна реализација на К2 (командување и контрола). КИС е основа за размена на информации и успешно функционирање и соодветно е потребно да се дефинираат принципи, кои ќе овозможат успешност во користење на овие технологии и сложени системи.

1. Стратегиско управување со КИС и ресурсите – со цел обезбедување функционални, безбедни, издржливи, флексибилни и интероперабилни способности врз база на:

- беспрекорна размена на информации меѓу статичките и распоредливите елементи на КИС,
- следење животен циклус на КИС опремата и обезбедување експертски кадар за ракување со истата,
- интегрирање на краткорочните, среднорочните и долгорочните побарувања и планови.

2. Модернизацијата на КИС ќе се базира на следните принципи:

- оперативност – да се обезбедат потребни функционалности на КИС во поддршка на системот за К2,
- интероперабилност – националните и мултинационалните операции побаруваат КИС, којшто е интероперабилен, како на национално ниво, така и со НАТО и членките на НАТО,
- флексибилност на КИС – што обезбедува динамичко доделување на ресурси од КИС за потребите на одржување на К2 функционалностите при распоредување или прераспоредување на националните команди и единици и поддршка на сојузничките сили во НАТО операции,
- отпорност на КИС – способност за брз поврат на функциите на КИС после одредени прекини или промени, што во принцип се обезбедува преку редундатност и робустност,
- сервисно – ориентиран КИС - овозможува лесно вградување на комуникациите во сите деловни процеси, давајќи основа за подобрување на интероперабилноста и дополнително искористување на овие услуги, со цел имплементирање нови КИС сервиси,
- автономност – што ја прикажува способноста КИС да е оперативен, без оглед на достапноста на соодветна инфраструктура или логистичка поддршка. Ова особено е важно за извршување мисии надвор од земјата каде не секогаш комуникациските капацитети се достапни,
- навременост – КИС се состои од множество мрежи и системи од кои одредени се критични, и истите побаруваат навремена достапност на КИС и неговите функционалности,
- подготвеност – се однесува на степенот на подготвеност на КИС за исполнување итни побарувања,
- безбедност – соодветната безбедност на КИС гарантира степен на доверливост, интегритет и достапност на сервисите, системите и на информациите.

3. Развој на сигурен, безбеден, доверлив и отпорен сајбер простор - поддржан од квалитативно изградени способности и капацитети, високо квалификувани експерти и национална и меѓународна соработка во областа на сајбер одбраната, според следниве начела:

- зачувување на слободата на дејствување во сајбер просторот и
- обезбедување навремено извршување на задачите во согласност со воените цели.

Дефинираните приоритети за К4 и сајбер одбрана ќе бидат соодветно разработени и постигнати преку следниве општи развојни цели:

**Надградба и модернизација на ГКИС**

Усвоената стратегија за развој на ГКИС дефинира правила, оперативни процедури, принципи и начини за натамошен развој на КИС во Министерството и во Армијата. Во контекст на Стратегијата е усвоен Акциски план за имплементација, со точно дефинирани рокови за реализација. Во согласност со директивите на НАТО, Армијата ќе изработи и ќе усвои доктрина за КИС (во согласност со НАТО - AJP-6).

Според структурата, локацијата, намената и нивото на оперативност, оваа општа цел е поделена на неколку посебни цели:

1) Модернизација на стационарните КИС-капацитети, кои ги опфаќаат:
- телефонскиот систем,
- видеотелеконференциски систем,
- кабелско-оптичка инфраструктура,
- комуникација (врски) земја – воздух – земја,
- радиорелејни системи за линковски поврзување.

2) Распоредливите (мобилни) КИС-капацитети и способности кои опфаќаат:
- сателитски врски за декларирани единици,
- радиосистеми за комуникација.

3) Тактички КИС-капацитети, во кои спаѓа:
- комуникацијата на тактичко ниво.

**Развој и надградба на систем за активна сајбер одбрана и КЗ**

Во согласност со регулативата на НАТО, сајбер просторот е дефиниран како посебен домен за операции во НАТО и сајбер одбраната е базирана на:
- сајбер отпорност – способност за одговор на напад и закрепнување од истиот,
- сајбер активности – способност да врши сајбер активности,
- подигнување на сајбер свеста,
- инкорпорација на сајбер одбраната во сите национални вежби,
- соработка и споделување на информации како на национално ниво, така и со НАТО и други партнерски држави,
- потпишување спогодби за соработка во областа на сајбер одбраната.

Националната стратегија за сајбер безбедност 2018-2022 е донесена и усвоена во јули 2018 година. Изработен е и усвоен акциски план за имплементација на стратегијата во декември 2018 година. Светскиот тренд од зголемен број на сајбер напади на мрежите, ја наметнува потребата од надградба и имплементација на соодветна сајбер одбрана на национално ниво и информатичка безбедност на мрежите во Министерството и во Армијата.

Во 2020 година Министерството донесе Стратегија за сајбер одбрана, во согласност со која се планира развивање капацитети и имплементирање технологии, кои ќе обезбедат соодветна заштита на информациите при пренос на говор и податоци во реално време, градење капацитети за сајбер одбрана и информатичка безбедност за пренос на класифицирани и некласифицирани информации меѓу различни домени, заштита до ниво на објект, виртуелни приватни мрежи, капацитети за идентификација и реакција на компјутерски инциденти.

Развојот на сајбер капацитетите и способностите во рамките на Министерството и Армијата ќе се реализира во рамките на 4 проекти и тоа:
а) развој на национална мрежа за одбрана, со степен на класификација NATO Secret;
б) развој на сајбер одбранбени способности во Министерството и во Армијата;
в) развој и модернизација на криптографската безбедност;
г) развој на Институт за сајбер безбедност и дигитална форензика, фокусиран кон едукација и истражување.

Во согласност со директивите на НАТО, Армијата ќе изработи и ќе усвои доктрина за сајбер одбрана во согласност со AJP-3.20 и MC 0665.

**Развивање и постигнување интероперабилност на КИС со субјектите во Републиката и земјите членки на НАТО**

Министерството и Армијата како носители на организацијата на одбраната во Републиката се одговорни за обезбедување интероперабилност на КИС меѓу сите национални субјекти кои учествуваат во подготовките и планирањето на одбраната и интеропрабилноста со НАТО.

На национално ниво е донесен План за подобрување на интероперабилноста на КИС помеѓу одбраната и другите владини институции 2018-2028, и истиот има за цел да:

- даде визија за создавање заеднички интероперабилен КИС,
- поттикне интероперабилност преку донесување заеднички насоки, стандарди и процедури,
- даде поддршка во заеднички обуки, образование и вежби за остварување интероперабилност на КИС во одбраната,
- иницира интероперабилност со сите национални субјекти кои учествуваат во подготовките и во планирањето на одбраната на стратегиско, тактичко и на оперативно ниво,
- демонстрира потреба за модернизирање и финансирање во оваа стратешка насока и
- даде основа за имплементација на стратегиските насоки што произлегуваат од членството во НАТО.

Интероперабилноста е составна точка на сите наведени проекти и е главен предуслов за размена и споделување информации меѓу системи кои се разликуваат по својата инфраструктура, архитектура, намена и безбедносни услови.

ЗАВРШЕН ЗБОР

Дваесет и девет годишнината од прогласувањето на независноста на Република Северна Македонија ја одбележавме со постигнување на една од примарните надворешно - политичките цели – полноправно членство во НАТО. Овој историски успех се должи на долгогодишната напорна работа и национална упорност во имплементирање на неопходните реформи во одбраната и подобрување на одбранбените способности.

Од денешна перспектива, новата примарна одбранбена цел на Република Северна Македонија е цврсто демонстрирање на неопходната политичка волја, стратегиската визија, планирачка остроумност и подготвеност за инвестирање во одбраната. Истото ќе овозможи сигурен одговор на сите предизвици и опстојување како совесен, одговорен, кредибилен и неколеблив член на НАТО.

ДПРОС 2023-2032 е комплементарен документ, кој е директно поддржан со Акциски план 2023-2032, кој детално ги разработува дефинираните приоритети и цели со утврдена временска рамка.

Имплементацијата на ДПРОС 2023-2032 ќе се операционализира во согласност со воспоставениот систем за планирање, програмирање, буџетирање и извршување преку среднорочниот план за развој на одбранбените способности во Министерството за одбрана и континуирани и редовни шестмесечни и годишни анализи на највисоко управно ниво.

ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

За спроведување на Долгорочниот план за развој на одбранбените способности 2023-2032 ќе се грижи Министерството за одбрана.

Овој Долгорочен план за развој на одбранбените способности 2023-2032 влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Бр. 08-2473/1
26 април 2023 година
Скопје

Претседател на Собранието
на Република Северна
Македонија,
м-р **Talat Xhaferi,** с.р.